**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.Јаким Стојковски бр.1*
*Тел: **032 48 31 31;** факс: **032 48 30 47***
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ**

**Бр. 10-372/3**
**од 17.05.2019 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ" бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и бр.168/18 год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2019 година со Одлука Број 26-1032/9 од 30.11.2018 год., објавена во „Сл.Гласник" на Општина Пробиштип Бр.17/2018 год., донесена од страна на Советот на Општина Пробиштип, Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## За организирање на Јавна презентација и јавна анкета по Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 14, Урбан опфат 14.1 КО Пробиштип, Општина Пробиштип

Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира Јавна презентација и јавна анкета по **Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 14 Урбан опфат 14.1 во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип,** со Тех.број 10/2019 од април 2019, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА“ Скопје.

Границата на конкретниот плански опфат е дефинирана на следниот начин:
-На **запад** по Колекторска улица 2, по ГУП на град Пробиштип,
-на **северо-запад** по Колекторска улица 2, по ГУП на град Пробиштип,
-на **северо-исток** по границата на КП Бр.634/5 и КП Бр.604;
-на **југо-исток** по пешачка патека од соседен ДУП за Блок 15.3 и по пристапна улица новопланирана 2 од соседен ДУП за Блок 15.3, по границата на ГУП на град Пробиштип, по блоковската поделба на ГУП за град Пробиштип (по постојна патека),
-на **северо-исток** по Колекторска улица 3, по ГУП на град Пробиштип,
-на **југо-исток** по границите на КП Бр.735/1 и КП Бр.736/1,
-на **северо-исток** по границата на ГУП на град Пробиштип и по блоковската поделба на ГУП на град Пробиштип,
-на **исток** по Колекторска улица 1, по ГУП на град Пробиштип,
-на **југо-запад** по Магистрална улица профил А по ГУП на град Пробиштип,
-на **запад** по Пешачка улица 2 по соседен план ДУП за Блок 13.1 и по границата на КП Бр.634/1,

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.Јаким Стојковски бр.1*
*Тел:* ***032 48 31 31; факс: 032 48 30 47***
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ**

-на **југо–запад** по границата на КП Бр.634/1.
Според опишаните граници на ДУП за Урбан Блок 14 Урбан опфат 14.1, КО Пробиштип, вкупната површина на планскиот опфат изнесува **П= 16,26 ха**.

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

со стручно презентирање на

**Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 14 Урбан опфат 14.1, Општина Пробиштип**, во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 10/2019 од април 2019, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе се одржи на ден **30.05.2019год.** (четврток) со почеток во **11.30** часот во салата на Советот на Општина Пробиштип, во Домот на културата - Пробиштип.

## ЈАВНА АНКЕТА по

**Предлог - Детален урбанистички план за Урбан Блок 14 Урбан опфат 14.1,Општина Пробиштип**, во м.в. Град, КО Пробиштип, Општина Пробиштип, со Тех. број 10/2019 од април 2019, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН-ПУМА" Скопје, ќе трае **10** (десет) **работни дена** и во електронска и во писмена форма, секој работен ден од **7.30** до **15.30** часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип, во периодот од **27.05.2019 год.** до **07.06.2019 год.**, во кој период заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на **анкетните листови**, кои можат да ги подигнат од Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, и од ***web*** страната на Општина Пробиштип, или во електронска форма преку информацискиот систем ***e-urbanizam.*** Во прилог на анкетните листови да се достави копие од катастарски план и имотен лист за парцелата за која се доставува забелешката.

**Графичкиот прилог** од Предлог - Деталниот урбанистички план за Урбан Блок 14 Урбан опфат 14.1, Општина Пробиштип, ке биде изложен на огласна табла пред влезот на Општинскиот центар за услуги (шалтерот) во зградата на кино салата, во информацискиот систем ***e-urbanizam*** и на ***web*** страната на Општина Пробиштип ***www.probistip.gov.mk***, а подетални информации во врска со Деталниот урбанистички план може да се добијат во Одделението за урбанизам на Општина Пробиштип, кое се наоѓа во просториите на зградата на кино салата на вториот кат.

Изготвил: Ј.Дукоска диа
Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, ou=OPShTINA PROBIShTIP Probishtip:4022005104678, serialNumber=CRT3550993, cn=Jordanka Dukoska
Date: 2019.05.23 11:58:19 +02'00'

Одобрил: Б.Станојковски дги
Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Date: 2019.05.27 10:51:56 +02'00'

**М.П.**

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Градоначалник**
Драган Анастасов
Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Date: 2019.05.27 10:57:09 +02'00'